Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ЗА ОБЛАСТА ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 1702-66/4 од 29.6.2009 година, донесена на Наставно-научен совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор на соработник помлад асистент во наставно-научна област ***финансии и банкарство*** во состав:

1. доц. д-р Ристо Фотов, претседател
2. проф. д-р Трајче Мицески, член
3. доц. д-р Весна Ангеличкова, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, за избор на двајца соработници, објавен во весниците „Вечер“ и „Лајм“, на 15.6.2009 година, за областа *финансии и банкарство*, се пријавија следниве кандидати:

1. м-р Љупчо Давчев
2. м-р Зоран Темелков
3. м-р Тереза Николова
4. м-р Лилјана Михајлова
5. м-р Благица Јованова и
6. дипл. екон. Даница Иванова.

Потребни документи, според распишаниот Конкурс:

- пријава;
- диплома за одбранет магистерски труд (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
- уверение за државјанство.

Од приложената документација на пријавените кандидати, само м-р Љупчо Давчев и м-р Зоран Темелков ги имаат доставено комплетно бараните документи, според Конкурсот, додека останатите пријавени кандидати немаат комплетна документација, што може да се види од прегледот што во продолжение го презентираме:

**П Р Е Г Л Е Д**
**на доставена документација од пријавените кандидати за соработници**

| Документ/кандидат | Љупчо Давчев | Зоран Темелков | Тереза Николова | Лилјана Михајлова | Благица Јованова |
|---|---|---|---|---|---|
| Пријава | да | да | да | да | да |
| Диплома (1 оригинал и 3 копии заверени кај нотар) | има | има | има | има | има |
| Кратка биографија во 4 примероци | има | има | има | има | има |
| Потврда за странски јазик | има | има | потврда за трет степен | потврда за четврти степен | нема |
| Список на трудови | 5 труда | 5 труда | нема | нема | нема |
| Уверение за државјанство | има | има | има | има | нема |

1. **Биографски податоци за кандидатката м-р Тереза Николова** од Струмица. Кандидатката е родена на 25 август 1981 година. Со високо образование се стекнува на Универзитетот за национално и светско стопанство во Софија (Р. Бугарија), насока Финансии, со одбранет магистерски труд, на наведениот Универзитет, на тема *„Инвестиции во злато“*. Средна оценка на магистерските студии има 4,5. Нема потврда за работно искуство, но во биографијата наведува дека е во работен однос од септември 2005 година во КБ - Прво пензиско друштво АД Скопје, како агент. Од јуни 2006 до август 2007 година работи во „Жито Струмица“, како сметководител. Од август 2007 до април 2008 година работи во „Прокредит банка“ АД Скопје, на позиција кредитен аналитичар. Од мај 2008 година работи во „Интелект“ - САС ДООЕЛ како консултант-сметководител.

2. **Биографски податоци за кандидатката м-р Лилјана Михајлова** од Кочани. Кандидатката е родена на 12 септември 1977 година. Со високо образование од втор циклус на студии се стекнува на Универзитетот за национална и светска економија (УНСС) во Софија (Р. Бугарија), каде се стекнува со магистерска диплома по сметководство. Просечната постигната оценка на вториот циклус на студии изнесува 4,8. Во работен однос е од 1.12.2006 година до денес во КЈП „Водовод“ - Кочани. Од странски јазици поседува доказ - потврда за познавање на англиски јазик, за што приложува потврда за IV степен. Нема објавено трудови.

3**. Биографски податоци за кандидатката м-р Благица Јованова** од с. Градошорци - Струмица. Кандидатката е родена на 5 октомври 1983 година. Со магистерска диплома се стекнува на Стопанската академија „Д.А. Ценов“ во Свиштов (Р. Бугарија), на насоката Финансова анализа и контрола. Кандидатката е магистер на економија. Втор циклус на студии завршува во октомври 2008 година. Во работен однос е од август 2008 година. Нема потврда за познавање на еден од светските јазици. Исто така, нема доставено список на трудови, како и уверение за државјанство.

4**.** Пријавената кандидатка **Даница Иванова** нема диплома за магистер, поради што таа не се зема предвид во разгледување на можни кандидати за прием како соработник.

Врз основа на поднесените пријави, како и врз приложените документи, од кандидатите м-р Љупчо Давчев и м-р Зоран Темелков, Рецензентската комисија го константира следново

**М-р Љупчо Давчев**

1. ***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Љупчо Давчев** е роден е на 10 мај 1985 година во Штип, Република Македонија. Основно образование завршува во ОУ „Ванчо Прке" -Штип. Првите две години од средното образование ги завршува во гимназијата ДСУ „Славчо Стојменски" - Штип, Природно-математичка насока. Преостанатите две години од средното образование ги завршува во Американската гимназија „НОВА" во Скопје. Факултет завршува на Американскиот колеџ во Солун (ACT) со двојна концентрација во финансии и меѓународна економија. Магистерските студии ги завршува на Американскиот колеџ во Солун (ACT) во областа на финансиите и банкарството. Има одлично познавање на англиски јазик и српски јазик, како и солидно познавање на грчки јазик. Има работно искуство од три години и три месеци, две години и девет месеци во „Мултикрем" - Штип и шест месеци како волонтер на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Има одлично познавање за работа со компјутери, особено во областа на бизнис компјутерството.

2. ***Научна и стручна активност***

Научната и стручната активност на кандидатот м-р Љупчо Давчев ги опфаќа следниве научни и стручни трудови.

**Евалуација на труд број 1 - "Improving the Business Climate for SME from the food industry" - „Подобрување на бизнис климата за малите и средните претпријатија од прехранбената индустрија"**

Овој труд ги поврзува претприемништвото, регионалната соработка, интервенциите од страна на државата и бизнис амбиентот во полето на малите и средните претпријатија, со детална импликација во прехранбената индустрија. Малите и средните претпријатија се главниот и најбитен двигатор во домашните економии кај балканските држави. Тие влијаат на вработувањето, економскиот и техничкиот развој, финансиските трендови во земјата и регионалната соработка и развој. Врз успехот на овие претпријатија големо влијание има државната и владината политика и помош. Трудот го опфаќа бизнис амбиентот во Македонија во полето на прехранбената индустрија, од нејзиното осамостојување до денес, како и регионалната соработката на фирмите од овој сектор.

Посебен осврт е даден на малите и средните претпријатија, чија главна дејност е производство на прехранбени кондиторски производи. Дадени се условите кои ги имаат овие компании при начинот на нивно кредитирање од страна на банките и даночната политика со која се срекаваат.

Во заклучокот, дадени се конкретни предлози произлезени од прикажаната ситуација, можни начини за помош на овие компании како дополнителни мерки заедно со веке постоечките мерки за помош на малите и средни претпријатија во Република Македонија спроведени од страна на Владата на РМ и другите институции кои можат да влијаат на работата на МСП.

**Евалуација на труд број 2**: **„MANAGING SECURITY IN AN E-BUSINESS ENVIRONMENT"**

**„Менаџирање на безбедноста во е-бизнис опкружување"**

Технолошкиот развој во последните години имаат значително влијание врз е-бизнисот и сигурноста во Интернет кој се користи при е-бизнис. Овозможување на сигурноста во е-бизнис информационата размена е значајно, бидејќи вклучува размена на значајни и сензитивни информации. Е-бизнис трансакциите вклучуваат трансфер на средства помеѓу купувачите, продавачите и бизнис партнерите, како и многу други финансиски трансакции (купување и продавање на берза, банково работење и соработка со клиентите). Инцидентите и несигурноста во дигиталното опкружување несомнено бараат детално разбирање на технолошките проблематики и сигурносните достигнувања во областа на заштита на приватноста и верба во „он-лајн" работењето.

Овој труд ги образложува начините на менаџирање со сигурноста во е-бизнисот. Најголем осврт е даден на менаџирањето на е-бизнис сигурноста, преку наметнување на потреба на основни сигурносни политики, процедури, мерки и практики.

**Евалуација на труд број 3:**
**„Profitability Parameters in the Banking System of Macedonia“**
**„Параметрите на профитабилност во Банкарскиот систем на Република Македонија“**

Овој труд ја обработува банкарската индустрија во Република Македонија, земја која се наоѓа надвор од ЕУ и е во финалниот транзициски процес. Големината на домашниот пазар е релевантно мала, но е на долгиот пат на разој и либерализација во последните години. Анализата направена во овој труд ги евалуира основните финансиски карактеристики на најголемите банки и ја поврзува профитабилноста на банките со различни независни специфични индустриски варијабили. Ја употребуваме линеарната регресија за да ги откриеме можните соодноси и релации на ROA (return on asstes) и ROE (reutrn on equity) рацијата со другите параметри. Нашите наоѓања покажуваат особено значење на ES (equity size), Loan loss and OE (operating expense) во зависност од ситуацијата. Од друга страна, нема сооднос и релација помеѓу инфлацијата и големината на банката како посебни параметри во однос на профитабилноста на банката. Овде се покренува прашањето на соодветната употреба на овие рација кога се употребуваат на вака мал маркет.

**Евалуација на труд број 4:**
***„ПРОЦЕНКА И МЕНАЏИРАЊЕ НА ДРЖАВЕН РИЗИК“***

Активностите на глобалното банкарство ги надминуваат политичките граници на суверените национални држави и даваат простор за појава и развој на друг извор на ризик во меѓународното банкарство, а тоа е државниот ризик. Државен ризик претставува колекција на ризици кои се поврзани со инвестирање во друга држава. Секое вложување кое се врши преку границите на две или повеќе држави од страна на меѓународните комерцијални или инвестициони банки и нивните клиенти само по себе инволвира државен ризик, што е поврзано со можноста дека циркулацијата на идните плаќања од овие активности може да биде нарушена од економски и политички случувања.

Доколку банката или инвеститорот што имаат добро диверсифицирано портфолио во определена држава се под влијание на државниот ризик, тие секогаш имаат опција да диверсифицираат понатаму со своето портфолио и да вложуваат во различни земји. Со ова, државниот ризик станува несистематски кога тој се однесува на целосното портфолио, и ова од друга страна овозможува развивање на различни стратегии за диверсификација кои ќе се однесуваат на вложување во повеќе држави и натамошно намалување на ризиците при инвестирањето.

Низ историското минато се докажало дека проблемите поврзани со изложеноста на државен ризик се континуирано присутни. Ова покажува дека внимателно пристапување кон инвестицијии во нови држави и внимателно подготвено портфолио што ќе има некаква диверсификација на државниот ризик се опции кои треба секогаш да бидат разгледани од банките и инвеститорите.

**Евалуација на труд број 5*:***
***Comparison between the European Central Bank (ECB) and the Federal Reserves (the Fed)***

Централната банка претставува институција која е одговорна за надгледување и контрола на монетарниот систем во една држава. Една од основните задачи на Централната банка е да гарантира стабилност на финансискиот и економски сектор, преку контрола на монетарната политика, имплементирање на некои специфични цели, како стабилност на цените, ниска инфлација, сигурност во вредноста на државната валута итн. Во трудот се претставени и анализарани двете водечки централни банки - Федералните резерви во САД и Европската централна банка во Еврозоната.

Трудот ги презентира разликите и сличностите на овие цантрални банки преку анализа на нивната организација и начинот на донесување на одлуки, нивните надлежности, самостојноста која ја имаат во државите или зоните како централни банки, транспарентноста и нивните примарни цели. Иако овие две централни банки би требало да имаат многу сличности, тие се разликуваат во многу полиња на нивната работа. Надлежностите и примарните цели се области каде се забележуваат најголемите разлики.

**М-р Зоран Темелков**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Зоран Темелков**, магистер по банкарство и финансии, е роден на 9 декември 1982 година во Скопје. Постдипломски студии завршува на Универзитетот Шефилд во Солун, Грција.

Поважни трудови:

1. *„Менаџирање на финансиски средства и извори на финаниски средства во Македонија“*, наменети за претприемачи;
2. *„Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијание на Базел I и Базел II спогодбата“* (статија објавена во четири дела).

**Научна и стручна активност**

Краток осврт кон приложените објавени трудови

**Евалуација на трудот: „*Менаџирање на финансиски средства и извори на финансиски средства во Македонија, наменети за претприемачи*”**

Претприемачите како еден од факторите на производство имаат катализаторска улога во развојот на економијата. Во реализирањето на деловните одлуки од особена важност претставува обезбедувањето, но и менаџирањето со финансиските средства. Од аспект на обезбедување на финансиски средства на претприемачот му стојат на располагање три основни извори на финансиски средства за финансирање на бизнисот. Во презентирањето на алтернативите во обезбедувањето на финансиски средства, кандидатот м-р Зоран Темелков наведува дека на претприемачот му стојат на располагање две опции. Прва опција претставува вложување на сопствени средства или средства добиени од блиски роднини и пријатели. Втора алтернатива, според кандидатот, е финансирање преку задолжување. Овде треба да се наведе дека кандидатот укажува на прилично сложената процедура на стекнување средства на име кредити од банка, особено кога станува збор за тукушто оформени нови бизниси.

Во можностите кои им стојат на располагање на претприемачите во обезбедување на своите бизниси со финансиски средства, авторот ги наведува: лизингот, трговскиот-стоков кредит, кредитните картички, венчур капитал компани и ангели инвеститори.

Во овој труд кандидатот м-р Зоран Темелков нагласува дека во рамките на менаџирањето со финансиските средства од особена важност е менаџирање со готовинскиот тек, како и приходите на бизнисот. Во тој контекст кандидатот предупредува дека неадекватното менаџирање на средствата може да резултира со проблеми во готовинскиот тек, што неминовно ќе се одрази на ликвидноста на бизнисот. Заради тоа, како што наведува авторот, претприемачот треба да овозможи бизнисот на време да ги плаќа своите обврски и наплатува своите побарувања, како би воспоставил непречено одвивање на бизнисот.

**Евалуација на трудовите од 2 до 4: „*Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијание на Базел I и Базел II спогодбата IV*"**

Регулацијата и супервизијата на банкарскиот сектор претставуваат значајни механизми во одржување на стабилноста и сигурноста на функционирањето на овој сектор, како и овозможување непречено одвивање на општествената репродукција. Регулацијата и супервизијата од своја страна имаат за последица, како што нагласува м-р Зоран Темелков, намалување на отвореноста на пазарот. Но, во што се состои промената во супервизијата? Во трудот м-р Зоран Темелков наведува дека станува збор за примена на метод за пресметка на ризикот. Доколку одредена банка прифати да го применува т.н. **методот на IRB**, тоа подразбира, како што наведува авторот, банката треба да се потпира на сопствена проценка на елементите на ризикот при воспоставување на капиталните барања. Се разбира во таков случај од банките кои го имплементираат IRB методот се очекува да ја класифицираат книговодствената изложеност на банките на пет категории на средства, каде што во основа секоја категорија има слични ризични карактеристики. Во овие пет категории се вбројуваат следниве категории: корпоративни, владини, retail, банкарски и основен капитал.

Во објаснувањето на почетокот од промените во супервизијата во банкарската индустрија м-р Зоран Темелков ги наведува поголемите промени кои уследија во 1988 година со т.н. **Капитал акорд**, кога почнува да егзистираат нови финансиски инструменти на финансиските пазари, како промените што едновремено се случија на овие пазари, што наметнаа потреба од модификација на 1988 Базел стандардите. Тоа несомнено наметна потреба од отстранување на надминатата поделба на земји-членки на OECD  и оние кои не се членки на OECD, што значи почеток на хармонизација на финансиските пазари. Тоа на што укажува кандидатот по однос на можните промени кои се случија со акордот од 1988 година е во проценката на кртедибилитетот, што оваа одговорност и обврска преминува на Надворешната агенција за оценување на кредитниот рејтинг (External Credit Assesment Agency, ECAI). Во рамките на промените кои се извршија под влијание на Базел I и Базел II треба да се потенцира дека тие се состојат во напуштање на проценка на капиталната адекватност. Имено, се поставуваат три столба (pillars) на Базел II, чија главна цел е е да се постигне хармонизација на интернационалните стандарди и економската вредност на risk management.

Пондерационата тежина на првиот столб од новиот Базел акорд, кој се состои во пресметување на минимални капитални барања, се одредува во минимална висина на капитално барање од 8% од капиталот спроти ризично пондерираната актива.

Суштината на вториот столб се состои во супервизорски надзор на адекватност на капиталот, кој вклучува постоење на четири основни принципи за супервизорски надзор.

М-р Зоран Темелков во овој дел од трудот ги презентира и објаснува секој од овие принципи. Првиот принцип подразбира секоја банка да поседува систем според кој ќе се врши проценка на адекватноста на вкупниот банковен капитал наспроти нејзиниот ризичен профил. Вториот принцип се состои во дефинирање на одговорностите на супервизорите. Третиот принцип се состои во дефинирањето на почетната точка на супервизорите да биде во тоа да банките да ги извршуваат нивните активности. Конечно, четвртиот принцип, се однесува на супервизорските мерки.

Промените во супервизијата во банкарскиот сектор се придружувани со воведување на т.н. трет столб што Базелскиот комитет  го спроведува и кој се состои во промовирање на пазарна дисциплина, како и да послужи и како дополнување на другите два столба.

**Евалуација на трудот 5: „*Промените во супервизијата во банкарската индустрија под влијание на Базел I и Базел II спогодбата Г*"**

Во овој труд авторот м-р Зоран Темелков ја претставува Базелската спогодба со специфичностите и структурираноста. Разработката на проблематиката за новата Базелска спогодба опфаќа поделбата на Базел стандардите и укажува на фактот дека е потребно донесување нови стандарди (Базел II). Се разбира дека ваквата потреба е наметната како

последица на недостатоците што се пројавиле кај стандардите промовирани со Базел I. Авторот ги наведува наодите на одредени автори, кои во своите истражувања ги потенцираат фактите дека поради ниското исполнување и застареност на супервизорските стандарди, банките се доведуваат во состојба да извршуваат нелегални активности, коишто доведуваат до ликвидирање на банките. Несомнено дека еден од позначајните недостатоци на Базел I спогодбата е во неспособноста да вклучи одредени аспекти од финансиската теорија, како што е Value at Risk (VaR) моделирањето, нагласува м-р Зоран Темелков. Натамошна слабост на оваа спогодба (Базел I) се состои во тоа што коефициентот на капиталната адекватност за развиените земји резултираше во донесување на погрешни заклучоци во врска со банката. Како поткрепа на ваквата оценка се наведува пример дека голем број банки кои работеле во развиени пазари објавиле успешен коефициент на капитална адекватност непосредно пред почетокот на кризите.

Во овој труд, меѓу другото, авторот ги претставува стандардите на Базел I. Со одлука на Базелскиот комитет, банкарскиот капитал се дели на два слоја, Tier 1 и Tier 2 (BCBS, 1988; BCBS, 2003). Капиталната основа на банката треба да е составена од најмалку 50% од Tier 1 капитал (составен од основниот капитал на банката и објавени резерви) и дополнителен Tier 2 капитал со максимален износ еднаков на основниот капитал на банката.

Во рамките на Базел I стандардите е воведен т.н. *ризичен пондериран коефициент* кој служи за пресметување на минималните капитални барања. Главната причина што овој коефициент е вклучен произлегува од фактот што овој метод има предности во споредба со другите методи (пример, како што е тоа со т.н. gearing ratio). Една од предностите, наведува м-р Зоран Темелков, е во можноста што овозможува полесна споредба на финансиските системи во случаи кога нивната структура се разликува и друга предност е во неговата особина за полесно интегрирање на вонбилансни позиции. Во овој труд кандидатот м-р Зоран Темелков го разработува и прашањето на т.н. country transfer risk, при што во неговото одредување користи две методи. Првиот е заснован на поделба помеѓу побарувања од домашни и странски институции. Треба да се потенцира дека проблем при користење на овој метод се јавува поради фактот што не се зема предвид дека овој ризик е различен за секоја земја, како фактот што оваа поделба не ја зема предвид интернационалната интеграција на финансиските пазари, наведува кандидатот. Вториот метод е базиран врз поделбата на земјите во групи врз основа на нивниот кредитен рејтинг.

## МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатите м-р Љупчо Давчев и м-р Зоран Темелков, Комисијата смета дека тие имат постигнато значајни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство.

Досегашното работно искуство на кандидатите м-р Љупчо Давчев и м-р Зоран Темелков дава можност за успешно изведување на наставниот процес во делот на реализација на вежби по наведената група на предмети од областа на финансии и банкарство.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Рецензентската комисија дава предлог до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ **да ги избере кандидатите м-р Љупчо Давчев и м-р Зоран Темелков** во **помлади асистенти** во областа на ***финансии и банкарство*** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Трајче Мицески, член, с.р.**

**Доц. д-р Весна Ангеличкова, член, с.р.**